РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2276/1
24-06-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2023 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-тата седница на ДКСК одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-5291/1 од 10.11.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-5291/1 од 10.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## Образложение

Предметот со број 08-5291/1 од 10.11.2023 година е оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотна состојба и интересите за 2023 година за проверка на имотната состојба на _______________, судија во Апелационен суд Скопје и членовите на нејзиното семејство.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на _______________ и за членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од Изјава за имотна состојба и интереси на ________________, ДКСК констатира дека нема несразмерно зголемување на имот.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р А.А.Т, советник
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar